До Државната комисија за спречување на корупцијата преку контакт формата на web страна на Државната комисија доставено е Барање за мислење.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Согласно член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „Под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.

Согласно предвидените забрани за вршење на други дејности, како и предвидените ограничувања за вршење на дејност за време на вршење на функцијата во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, како и одредбите кои го регулираат постапувањето во случај на постоење судир на интереси од истиот закон, не постои законска пречка лицето додека ја врши функцијата В.Д. директор на Центарот за развој на Вардарскиот плански регион да биде и претседател и основач на здружение на граѓани.

Од друга страна, Државната комисија укажува на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси кои треба да се имаат во предвид и да се почитуваат додека лицето има статус на службено лице, односно именувано лице за вршење на функцијата В.Д. директор и тоа:

Член 45 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси го регулира следното:
„(2) Секое избрано или именувано лице, одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал е должно во рок од 30 дена од денот на стапување на функција до институцијата, односно

органот во кој ја врши функцијата да ги пријави правните лица во негова сопственост, во кои има акции или удели или управувачка функција.
(3) Органот од ставот (2) на овој член е должен овие податоци јавно да ги објави.“

Ограничувања во соработката со правни лица е предвидено со член 51 од истиот закон:
„(1) Службено лице во вршењето на својата функција, јавни овластувања или должности не може да воспостави деловни односи со правно лице кое е во негова сопственост или во сопственост на член на неговото семејство или во кое тој или член на неговото семејство поседува акции или удели или кое го основал тој или член на неговото семејство или во кое одговорното лице е член на неговото семејство.
(2) Ако службеното лице постапи спротивно на ставот (1) на овој член, на склучениот договор се применуваат одредбите за ништовност на договорот од Законот за облигационите односи.“

Забраната за користење на заеми и други видови поддршка од државата е предвидено со член 52 од истиот закон:
„Правно лице чиј основач или сопственик било или е избрано или именувано лице или чиј основач или сопственик е или било член на неговото семејство или во кое член на неговото семејство е одговорно лице или во кое избрано или именувано лице односно член на неговото семејство, поседува удели или акции не може да биде корисник на грант, заем односно финансиска поддршка од државата или од единица на локалната самоуправа.“

Со член 67 од истиот закон е предвидено следното:
„(1) Лице што врши работи од јавен интерес не смее да ја злоупотреби својата положба за остварување на корист.
(2) Како работи од јавен интерес, покрај дејностите што се со закон определени како работи од јавен интерес, се сметаат и активностите што се вршат во рамките на дејствувањето на политичките партии, синдикатите, здруженијата и фондациите.“

Исто така, при вршењето на функцијата В.Д. директор потребно е во предвид да го има член 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси каде е утврдено Начелото на интегритет и тоа:
„(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.

(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.
(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице."

**Претседател**

**Адем Чучуљ**